ИМБ Млекара а.д. Битола
Долнооризарски пат бб, 7000 Битола, Македонија
ЕДБ: МК 4002991114464
жиро-сметка: 500 000000 10212, Стопанска банка а.д. Битола

тел: + 389 47 226 380
факс: + 389 47 237 073
e-mail: info@imb.com.mk

СООПШТЕНИЕ ЗА МЕДИУМИ

# ДОНАЦИЈА ОД БИМИЛК ЗА НАСТРАДАНИТЕ ОД ПОПЛАВИТЕ ВО СРБИЈА И БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

## 5 ТОНИ СОКОВИ – БИФРУТ
## ПОМОШ ЗА НАСТРАДАНИТЕ ОД ПОПЛАВИТЕ ВО РЕГИОНОТ

**22.05.2014 Скопје.** Компанијата БИМИЛК се вклучи во хуманитарната акција за помош на настраданите од поплавите во подрачјата на Србија и Босна и Херцеговина. Во наредните два дена преку Црвениот крст на Република Македонија, БИМИЛК ќе испрати 19.000 сокови БИФРУТ, односно вкупно 5 тони сок до загрозените подрачја.

По вестите за природната катастрофа која го опфати регионот, БИМИЛК веднаш се активира во насока на помош на настраданите лица. Следејќи ги насоките и апелите на хуманитарните организации на погодените држави и апелот на Црвениот крст на Република Македонија, помошта во храна е на врвот од најпотребните артикли. Оттука БИМИЛК ги презеде сите активности за реализација на донацијата од прехранбените артикли од својата програма - природните овошни сокови „БИФРУТ“.

БИМИЛК и понатаму ќе ги следи состојбите и развојот на ситуацијата во поплавените региони со цел навремено да одговори на сите апели за хуманитарна помош, кои ќе овозможат што полесно надминување на оваа хуманитарна непогода.

---

За подетални информации, контактирајте не на тел: 047/226-380 или 071/265-378
Лице за контакт: Полексена Ристеска, е-маил: poleksena.risteska@bimilk.mk
За повеќе информации за „Бимилк“ посетете ја нашата веб страница www.bimilk.mk



ИМБ Млекара а.д. Битола
Долноориазарски пат бб, 7000 Битола, Македонија
ЕДБ: МК 4002991114464
жиро-сметка: 500 000000 10212, Стопанска банка а.д. Битола

тел: + 389 47 226 380
факс: + 389 47 237 073
e-mail: info@imb.com.mk

